

***Децата оделе во колона по еден, зад мајките-сурогати, држејќи се еден со друг. Постарите деца ги тешеле помалите додека се движеле осамено. Под превезот на ноќта, тие молкум се движеле преку теренот, заобиколувајќи ги отворените простори и постојано биле потсетувани од нивните партизански водачи да бидат тивки.***

Преминувале високи планини и стрмни косини, секогаш внимателни и свесни за грчката опасност над нив, додека си го пробивале патот до границите. Оние среќните ги поминувале ноќите во куќи во означените села. Други спиеле под ведро небо, на отворено, во студените планини, испитувајќи ја мудроста на своите постари и прашувајќи се што е поопасно - бомбите кои паѓаат или смртното студенило.

Во текот на нивното патување, една група наишла на опасно стрмни падини, полни со разлабавени карпи кои воделе право во брзите води на една река. Бидејќи било премногу опасно за децата сами да преминуваат, секоја мајка морала да се враќа

неколку пати за да пренесе дете по дете на својот грб. Требало и да се побрза, бидејќи падината била изложена на авионски видик. Едно дете имало среќа тој ден бидејќи една трагедија за малку била избегната.

Додека брзала да премине на другата страна, една мајка се сопнала на една грмушка, губејќи ја рамнотежата. Сепак, додека се сопнувала, успеала да го симне детето од своите плеќи и да го фрли на стрмната падина. За среќа, девојчето не се испаничило и било способно да се задржи со рацете. Потоа, мајката го фатила девојчето за нејзините нозе и успеала да си ја поврати рамнотежата. Било тоа застрашувачко искуство за целата група.

Друга група, исплашена од тешките бомбардирања, го напуштила своето село под превезот на темнината во еден и триесет наутро. Била облачна и дождлива ноќ, идеална да со избегнат бомбардерите, но катстрофална за моралот на децата. Врнело целата ноќ и преку целиот нареден ден кога групата се скрила во планините. Не смелле да ризикуваат и да запалат оган, па затоа останале влажни и настинале, трпејќи казна од природата.

Кога се стемнило, полека напредувале во темнината преку паднатиот снег; до наредното село, патот бил пуст и трновит. Децата биле во шок и речиси и да не ги чувствувале посекотините на нивните стапала кои крвавеле. Некои немале чевли, а нивните чорапи потопени во кал, не им обезбедувале никаква заштита од острите камења и трњата кои боцкале.

Додека групата си го пробивала патот кон својата дестинација, една од мајките-сурогати не можела да престане да плаче. Одговорното лице на групата и објаснило дека нема причина да се вознемирува, бидејќи се води сметка за сите деца, дека се нахранети и згрижени. Но, мајката и понатаму останала вознемирена и продолжила да плаче.







**РИСТО СТЕФОВ И**



**СЛАВЕ КАТИН**